Кратка анализа

## Миграцијата и еманципацијата на жените во земјите од Западен Балкан[1]

*Тирана, Сараево, Скопје, февруари 2014*

Во последните дваесет години, Албанија е често поврзувана со миграција. Додека во 1990 год. имало само 127 639 емигранти, во 2010 год. бројката на албански емигранти достигна речиси милион и половина, што претставува 45,4 % од албанското население. На почетокот на миграцискиот циклус (1990 год.) албанската миграција беше претежно предводена од машката популација, со силна тенденција на пораст на миграцијата на жените во годините што следеа. Главни земји на дестинација за албанските мигранти се Грција и Италија.

Низ историјата на Босна и Херцеговина, преовладуваше или доброволната или присилената миграција. Бројката на босански емигранти достигна над 1,5 милиони во 2010 год. Што се однесува до профилот на мигрантите, жените се застапени со малку повеќе од 50% од вкупниот број босански емигранти. Се чини дека босанскиот миграциски модел е релативно постојан, стабилен и родово-балансиран, отсликувајќи ја миграцијата претежно како семејна. Меѓу главните земји на дестинација се Хрватска и Германија.

Факт е дека Македонија е емиграциско подрачје. Последните статистики потврдуваат дека моменталниот број на мигранти надвор од Македонија е околу 700 000, што претставува околу 35% од нејзиното население. Честопати, емигрантите се млади оженети мажи кои заминале со цел за заработат пари во странство. Сепак, честопати имплицитно се претпоставува дека миграциските модели се родово неутрални, а миграциската

[1]Подготвено во рамките на Регионалната програма за поддршка на развојот и истражувањата (RRPP) која е управувана од Универзитетот во Фрибург, по овластување на Швајцарската агенција за развој и соработка, СДЦ, Федералното Министерство за надворешни работи. Гледиштата објавени во овој труд се мислења на авторите и не ги претставуваат ставовите на СДЦ и Универзитетот во Фрибург, ниту ставовите на организациите каде тие работат.

демографија станува сè поразновидна. Во случајот на Македонија, жените претставуваат околу 50% од емигрантите. Главни земји на дестинација за македонските емигранти се Италија и Германија.

Настрана од масовната миграција, силната патријархална традиција која честопати ги потиснува правата на жените е уште една заедничка карактеристика на земјите од Западен Балкан. Родовите стереотипи и традиционалниот менталитет овозможуваат одржување на структурен родов јаз во економската, политичката или општествената сфера. Во сите овие земји миграцијата беше иницирана како машки феномен; мажите мигрираа оставајќи ги жените и децата сами или со нивното пошироко семејство. Миграција на само жени речиси не постоеше, а зголеменото учество на жени мигранти се должи на повторното семејно обединување или создавање на семејство.

Литературата за миграцијата не дава јасна слика за влијанието на миграцијата врз еманципацијата на жените. Еден од главните канали за тоа како миграцијата влијае врз еманципацијата на жените е преку формирањето на потесно семејство. Додека во земјите од Западна Европа станува правило потесните семејства (составени од двајцата брачни партнери и децата) да се издвојуваат и да живеат сами, во руралниот Балкан сè уште е застапен моделот на живеење заедно со поширокото семејство (најчесто со родителите на некој од брачните партнери). Во рамките на пошироките семејства, жените имаат подреден статус и ограничено учество во донесувањето на одлуки. Доколку дознаките кои ги праќаат мигрантите се користат за обезбедување одвоен дом и премин од пошироко кон потесно семејство, тоа може да води кон зголемено учество на жените во донесувањето на одлуки во семејството.

Од нормативна гледна точка, промените во родовите улоги не водат секогаш кон еманципација. Со други зборови, зголемениот број на одговорности кои ги преземаат жените откако нивните сопрузи ќе мигрираат не секогаш може да се смета за еманципација; нагло зголемување на обврските (одгледување и грижа за децата, осаменост и изолација) може да биде психички и физички неподносливо и на тој начин неповолно да влијае врз жените.

Речиси и да не постои литература која се занимава со миграцијата како причина за еманципацијата на жените од Западен Балкан. Постојат само неколку студии напишани претежно од социолози и антрополози кои се темелат на квалитативни податоци и длабински интервјуа.

## Главни наоди од студијата

Студијата имаше за цел да истражи колку миграцијата послужила како катализатор за проширување на можностите за жените во земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија од три аспекти - економски, социјален, како и во меѓусебните односи. Предмет на истражување беа перцепциите на жените за влијанието на миграцијата врз нивните улоги во рамките на нивните семејства.

Истражувањето испитуваше дали сопственото миграциско искуство

*Дефиниција за еманципација*

*Концептот на „еманципација“, првично беше поврзуван со движењето за развој на заедницата и стана многу популарен низ широк спектар на научни дисциплини. Со оглед на тоа што расправата за еманципацијата се води околу дихотомијата помеѓу „лица кои имаат моќ“ и „немоќни лица“ кои треба да се еманципираат, самиот поим најчесто се употребува за да се опише понеповолна, обесправена, ранлива или непривилегирана позиција на одредени групи во поширокото општество, како што се жените, лицата со посебни потреби и сиромашните.*

*Ова истражување ја дефинираше „еманципацијата на жените“ како присуство на следниве квалитети:*

*- пристап и контрола на релевантните информации и ресурси;*
*- спектар на опции според кои може да се направи избори (да се има избор);*
*- моќ за донесување на одлуки (користење на изборот) и*
*- капацитет да се постигнат посакуваните резултати (остварување на изборот).*

или искуството на (машки) членови од семејството има некакво влијание врз еманципацијата на жените во традиционално патријархалните семејства во Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија.

**Главни наоди за Албанија**

Родовата еднаквост на пазарот на трудот, која се постигна за време на комунистичката ера во Албанија, не се преточи во зголемена еманципација во носењето на одлуки во домот и договарање. Сепак, во пост-комунистичката ера, улогите на жената претрпеа важни промени и напреднаа многу побрзо од оние на мажите. Овој напредок на жените е силно поврзан со општествените и економските трансформации на целото општество и е предводен од страна на група основни фактори. Генерално, се тврди дека миграцијата е еден од нив.

Наодите од фокус групите спроведени со **жени од Албанија**, потврдуваат дека миграцијата има значајно влијание врз еманципацијата на жените преку неколку димензии. Прво, позитивното влијание на миграцијата врз слободата на движење се реализира преку усвојување на нови општествени и културни норми од западноевропските и северноамериканските држави – т.н. вестернизација – како и преку зацврстување на врската на брачниот пар поради „миграциската“ изолација од другите членови на семејството. Во однос на ова, се чини дека директното влијание на миграцијата (сопствената миграција) има поголем ефект отколку

индиректното влијание (миграција на сопругот). Второ, се покажа дека миграцијата ја зголемува свеста за родово неутрално образование на децата. Еманципираните жени признаа дека образованието кај жените носи понатамошна еманципација и затоа сакаат да ги пренесат тие вредности на своите ќерки. Трето, се чини дека сопственото миграциско искуство го обликува начинот на размислување на жените во однос на правата на наследство кои, според нив, треба да го следат принципот на правата на поединецот без да се прави дискриминација меѓу синовите и ќерките. Се покажа дека влијанието на миграцијата врз економската еманципација на жените зависи од тоа каков бил нивниот статус пред да мигрираат. Освен во случај кога во земјата на дестинација ја работат истата работа како и во Албанија, жените го препознаваат влијанието на миграцијата врз нивната економска независност, како и врз зголемување на можностите за управување со свој сопствен бизнис. Според наодите од теренското истражување, генералниот напредок во смисла на носење одлуки и договарање во рамките на домаќинството, честопати се припишува на самата миграција која ја искусиле жените.

## Главни наоди за Босна и Херцеговина

Во случајот со Босна и Херцеговина, миграцијата во комбинација со други фактори како ниво на образование, статус на вработена пред миграцијата и урбани/ рурални карактеристики придонесуваат и за подобрување и за влошување на економската состојба на жената. Забележливо е дека ефекти на еманципација од миграцијата се поврзани со статусот на невработена пред миграцијата, ниско ниво на образование и потекло од рурална средина. Најтемелната позитивна промена во економската позиција на жената е забележлива кај помалку образованите, рурални мигрантки кои никогаш не биле вработени пред миграцијата. За жал, овие ефекти на еманципација не се долготрајни. По враќањето, жените обично повторно ја прифаќаат нивната улога како домаќинки бидејќи нивната рурална средина е сиромашна и нема можности за вработување. Спротивен модел се забележува во случајот со мигрантките од урбана средина, високо образование и вработени пред миграцијата. Присилени да прифатат помалку корисни, помалку интересни и помалку платени работни позиции, оваа група на жени доживеа големи негативни промени во однос на сопствената економска состојба како резултат на миграцијата. Понатаму, резултатите од истражувањето укажуваат дека миграцијата на машки член на семејството или миграциско искуство во семејството нема значително влијание врз економската еманципација на жената. Руралната жена оставена и покрај тоа што е релативно образована – обично не работи, при што урбаните жени со миграциско искуство во семејството не се зависни од готовина или други дознаки од нивните членови на семејството кои живеат во странство.

Нема силни или проверени врски помеѓу миграцијата и еманципацијата на жената во социо-културната област и областа на донесување на одлуки во домаќинството. Покрај разлики во степенот на моќ и автономија на

жената предмет на оваа студија, сите функционираат во рамките на непатријархален и режим кој се менува во однос на родот. Сфаќањата на жената не ја поддржуваат идејата дека жените се потчинети во нивните семејства. Средината во која живеат жените има помалку строги и повеќе формални и неформални социјални норми наменети за жените што придонесува до висок степен на моќ и контрола врз сопствените животи. Ова несомнено укажува на висока свест помеѓу урбаните и руралните жени/ високо образовани и помалку образовани како и вработени и невработени жени кои не ја прифаќаат родовата нееднаквост како дадена, природна или неоспорна. Освен тоа, има голем простор за подобрување во областа на репродуктивното здравје кај руралните жени, без оглед на миграцискиот статус за што треба да има јавни (здравствени) интервенции за што и граѓанските организации кои се занимаваат со женски прашања да обезбедат видливо подобрување во нивната еманципација во поглед на репродуктивното здравје. Нема значајни или суштински разлики помеѓу жените со или без миграциско искуство во областа на донесување на одлуките во домот. Бидејќи доминира моделот на потесно семејство (брачни партнери и децата), истражувачките резултати покажуваат слика на еманципирана босанска жена која има глас во донесувањето на одлуки во домот. Жените и мажите се вклучени во процесот на донесување на одлуки. Преговарачката моќ на жените во донесувањето одлуки во домот не се преиспитуваат од страна на нивните сопрузи/партнери. Жените имаат контрола врз домашните ресурси, т.е. одлуките за воспитувањето на децата, за здравје и образование како и за трошење во домаќинството. Во случај на миграција на машки член на семејството, жените добиле моќ на одлучување. Како резултат, тие независно донесуваат секој ден одлуки и ги информираат своите отсутни сопрузи за нив.

## Главни наоди за Македонија

Миграцијата различно влијае во однос на различни аспекти. Во делот на перцепција на слободата миграцијата има позитивно влијание врз жената која престојувала во странство, но негативно штом се врати дома. Во однос на воспитување на деца, миграцијата има позитивно влијание во аспект на обрнување на повеќе внимание врз образованието на жените видено во семејствата со миграциско искуство но без лично миграциско искуство на жената. Во однос на сопственички права видливо е позитивното миграциско искуство преку зголемување на свеста за сопственички права на жените, особено видено во случаите на жени со миграциско искуство во семејството но без лично миграциско искуство на жената. На тема економска еманципација, миграцијата има повеќе негативно од позитивно влијание на учесниците: позитивното е стекнување на вештини преку студии и негативно бидејќи работеле додека биде во странство и сега или се невработени или се вработени со помала плата. Во однос на семејната/ интер-персоналната димензија, постојат неколку случаи на немажени и невработени учеснички од групата со миграција во семејството, но не лично миграциско искуство на жената од руралната средина со поголемо

влијание во донесувањето на одлуки дома. Некои учеснички (група со миграциско искуство од рурална средина; жени со миграциско искуство во семејството а не лично искуство на жената од урбана средина) укажаа дека во донесувањето на одлуки доминираат мажите или постарите особено во случајот на немажените учеснички. Во однос на омажените учеснички, тие во најголем број на случаи одлучуваат рамноправно со сопругот. Од друга страна, некои разведени учеснички по враќање во првобитното семејство може да се соочат со помала моќ во донесувањето на одлуките, дури и полошо во случај да се и невработени (жени со миграциско искуство од рурална средина); сепак некои укажаа на тоа дека се консултираат во донесувањето на одлуки (жени со миграциско искуство во семејството, но не лично на жената од рурална средина; жени со лично миграциско искуство од урбана средина). Некои учеснички (жени со миграциско искуство во семејството, но не лично од урбана средина) го познаваат позитивното влијание од миграцијата во донесувањето на одлуки во домаќинството. На тема мешани прашања скоро сите учесници од различни групи (особено жени Албанки со муслиманска вероисповед) од сите групи не би абортирале или се против абортус бидејќи е грев според Исламот. Во многу случаи на Албанките од сите групи доколку забременат пред брак треба да се омажат со таткото на своето дете. Жени од сите различни групи го одбираат или го имаат одбрано сами својот партнер, иако има случаи на договорени бракови и се посакувани во некои случаи (на пример една учесничка од групата со лично миграциско искуство на жената од рурална средина), што во денешно време значи дека стројниците само договараат средба, а партнерите сами си одлучуваат. Овој дел не покажа скоро воопшто позитивно влијание на миграцијата за репродуктивни прашања како абортус, дури има и негативно влијание врз прашањата како бракот.

**Препораки**

Овие резултати може да помогнат во идентификување, усвојување, имплементирање и промовирање на јавни политики и интервенции кои би довеле до посакувано и одржливо влијание на миграцијата врз еманципацијата на жената. Од аспект на матичната земја, посебно внимание треба да се посвети на следниве прашања:

А. Оваа студија укажува дека еманципацијата се случува кога луѓето имаат опции и можности. Еманципацијата значи слобода на луѓето и може да се подобри со градење на сите демократски капацитети кои се во насока на поголема слобода во општествата во Западен Балкан.

Б Докажано е дека образованието е извор на промена за се, но особено за жените. Затоа, националните власти треба да преземат мерки за зголемување на пристапот на жените до образование, на зголемување на запишување во училишта и поголем број на ученици кои го завршуваат училиштето особено во руралните средини. Мерките кои можат да се преземат се: воведување на задолжително секундарно образование;

систем на трансфер на готовина условено со посетување на училишна настава за сиромашни семејства; и подобрување на училишната инфраструктура.

В. Патријалхалните менталитети и традиции, иако се намалуваат, се распространети низ регионот особено во руралните средини. Патријархалните норми се однесуваат на целото општество и затоа потребна е темелна образована реформа со гарантирање на родова рамноправност со цел зголемување на свеста за родовата нееднаквост во општеството.

Г. Наодите од истражувањето покажуваат дека еманципацијата на жената е поврзана со економскиот развој. Затоа, мерките кои имаат за цел понатамошен економски развој треба да бидат надградени со политики наменети за жените и родовата еднаквост. Исто така, животот во потесно семејство се покажа како извор на еманципација на жените. Владите треба да имаат во предвид давање на привилегирани заеми за живеалишта за млади парови.

Д. Миграцијата покрај пропустите, се покажа дека е од помош за еманципација на жените. Затоа, донесувачите на одлучи од земјите од каде се мигрира треба да обрнат посебно внимание на миграциското искуство и пренос на знаење помеѓу жените вратени од престој од странство преку иницијативи кои ќе ја зголемат јавната свест за влијанието на миграцијата врз жените.

Од аспект на земјата во која се мигрира, треба да се земат во предвид ефективни политики кои ја помагаат еманципацијата на жената преку миграција како на пример:

ѓ Наодите од истражувањето покажуваат дека кај жените постои несогласување во однос на работата/образованието во земјите каде се мигрира. Затоа, меѓународното признавање на образовните звања и квалификации стекнати во земјите од кои се мигрира може да им помогнат на жените да најдат соодветни работни места и место во општеството. Како што се менува и миграцијата и како што истата се повеќе се поврзува со „одлив на мозоци“, со цел подобрување на еманципацијата на жените особено е важно овозможување на мигрантките да ги искористат своите професионални вештини и знаење во земјата домаќин.

Е Наодите од истражувањето укажуваат дека често се влошува состојбата на жените по враќањето и во општествена и во економска смисла. Затоа треба да постојат посебни социо-економски и психолошки услуги насочени кон помош на реинтеграцијата на мигрантката.

Конечно, како што покажа ова студија, и официјалните статистики и литературата за миграции и за еманципација на жената се уште се недоволни во Западен Балкан. Други студии треба да се подготват со посебен фокус на овие два главни феномени кои ги отсликуваат општествата во Западен Балкан. Затоа, потребни се соодветни податоци за спроведување на квалитативно и квантитативно истражување со цел овозможување еманципацијата на жената да се поврзе со секоја фаза од миграцискиот процес.

Подготвено од: Едлира Наразани, Изилда Мара, Санела Башиќ и Ана Стојиловска